МАКЕДОНСКИ БРОД

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** — **03.05.2019 година**
**Општина Македонски Брод** — **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** — **Број 4 – 2019 год.**

Мај 2019

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003...4/17 пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за I квартал за 2019 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за прв квартал за 2019 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18 – 409/3** **Совет на општина Македонски Брод**

**30.04.2019 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** **Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 –пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за I квартал за 2019 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за I квартал за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2019 година.

**Бр. 08 - 409/11**

**03.05.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ" бр.64/05,4/08,103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) Советот на Општина Македонски Брод на 21-та седница одржана на 30.04.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година

### Член 1

Со ова одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | Донации | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 2.967.789 | 0 | 0 |
| | | 0 | 2.967.789 | 0 | 0 |
| и се распредуваат на следните р асходни потставки: | | | | | |
| К20 | МУЗИЧКАИСЦЕНСКО-УМЕТНИЧКАДЕЈНОСТ | | | | |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорн и услуги | 0 | 3.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 481230 | Реконструкцијана деловни објекти | 0 | 430.152 | 0 | 0 |
| К30 | МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ | | | | |
| 423810 | Ситенинвентар | 0 | 9.164 | 0 | 0 |
| Н10 | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | |
| 401130 | Основни плати-други вработени | 0 | 130.000 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 80.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 65.494 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 13.000 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 423120 | Списанија,весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423720 | Материјали за разни поправки | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 400.000 | 0 | 0 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 16.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 425970 | Консултантски услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 483190 | Купување на друг мебел | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| Н20 | СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 84.826 | 0 | 0 |
| В10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | | | | |
| 421240 | Течни горива | 0 | 600.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 275.153 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 0 | 261.000 | 0 | 0 |
| | | 0 | 2.967.789 | 0 | 0 |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година.

Бр.18.-409/4
од 30.04.2019 год.

Претседател на Советот
на Општината
БранеЈовановски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2019 година.

**Бр. 08 - 409/11**

**03.05.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 33 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр.64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16) Советот на Општина Македонски Брод на 21-та седница одржана на 30.04.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод

за 2019 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година на следниот начин:

| | Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | Самофина | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А30 | ПОДМИРУВАЊЕНАДОСПЕАНИ,АНЕПЛА ОБВРСКИ | | | | | |
| 421130 | Ѓубретарина | 6.451 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбенипродуктиипијалаци | -6.451 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година.

Бр.18-409/5
30.04.2019 г.

Претседател на Советот
на Општината
БранеЈованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2019 година.

**Бр. 08 - 409/11**

**03.05.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2019 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18- 349/1,2,3 од 01.04.2019 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“**

**Македонски Брод од III одделение**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2019 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2018/19 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на слободни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на чл.34.ст.4.од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.103/08....41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на еднодневна научно-наставна екскурзија на учениците од III одделение планирано од страна на училиштето.

**Бр.18-409/6/1** **Совет на општина Македонски Брод**

**30.04.2019 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Бране Јованоски с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2019 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18- 349/1,2,3 од 01.04.2019 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“**

**Македонски Брод за VI одделение**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2019 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2018/19 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на слободни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на чл.34.ст.4.од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за изведување на дводневна наставно-научна екскурзија на учениците од VI одделение планирано од страна на училиштето.

**Бр.18-409/6/2**

**30.04.2019 година**

**Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Бране Јованоски с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2019 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18- 349/1,2,3 од 01.04.2019 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“**

**Македонски Брод за IX одделение**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2019 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2018/19 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на слободни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на чл.34.ст.4.од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за Програма за слободни ученички активности за изведување на тридневна наставно-научна екскурзија за IX одделение планирана од страна на училиштето.

**Бр.18-409/6/4** **Совет на општина Македонски Брод**

**30.04.2019 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Бране Јованоски с.р.**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2019 година по доставено барање од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод заведено под бр.18- 349/1,2,3 од 01.04.2019 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“**

**Македонски Брод VI и IX одделение**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.04.2019 година врз основа на поднесената Програма за изведување на екскурзии на учениците за учебната 2018/19 година, согласно Правилникот и начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, а врз основа на чл.34.ст.4 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), Советот на општина Македонски Брод согласно горенаведеното донесе заклучок за давање на **ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** односно **СОГЛАСНОСТ** за Програма за слободни активности за учениците од VI и IX одделение планирано од страна на училиштето.

**Бр.18-409/6/3** — **Совет на општина Македонски Брод**

**30.04.2019 година** — **П р е т с е д а т е л,**

**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучоци за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод од III, VI и IX одделение**

Се објавуваат Заклучоците за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод од III, VI и IX одделение, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2019 година.

**Бр. 08 - 409/11**

**03.05.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 15 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 15 став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/2010) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.04/2017) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.04.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за пристапување на Општина Македонски Брод како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциска Група ПОРЕЧЕ**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Македонски Брод пристапува како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциска Група ПОРЕЧЕ со седиште во село Самоков.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука Општина Македонски Брод станува основач и член на Управниот орган на Здружението за рурален развој Локална Акциска Група ПОРЕЧЕ. За таа цел Општина Македонски Брод ќе делегира и разрешува член кој ќе учествува во работата на Управниот орган на здружението.

**Член 3**

Со донесување на оваа одлука Општина Македонски Брод ги остварува следните права и обврски:

- Да учествува во работата на органите и телата на здружението;
- Да покренува дискусии и прашања од делокругот на работа на собранието на здружението за остварување на целите и задачите на здружението;
- Да се придржува кон одредбите на Статутот на здружението;
- Да работи на обезбедување на материјално финансиска состојба на здружението;
- Да привлекува други членови;
- Да се залага за остварување на програмските цели и задачи на здружението;
- Да учествува во спроведувањето на сите ставови и заклучоци донесени од органите и телата на здручението.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 – 409/7**
**30.04. 2019 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за пристапување на Општина Македонски Брод како соосновач на Здружение за рурален развој**

**Локална Акциска Група ПОРЕЧЕ**

Се објавува Одлука за пристапување на Општина Македонски Брод како соосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциска Група ПОРЕЧЕ, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2019 година.

**Бр. 08 - 409/11**

**03.05.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.04.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност за склучување на Договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и одведување и прочистување на отпадни води во Општина Македонски Брод, помеѓу Општина Македонски Брод и Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ од Македонски Брод**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонски Брод се согласува со текстот на Договорот за обезбедување на услуги за водоснабдување и одведување и прочистување на отпадни води во Општина Македонски Брод, помеѓу Општина Македонски Брод и Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ од Македонски Брод и за истиот дава согласност за потпишување од двете страни.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 – 409/ 8**

**30.04.2019 год.**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и одведување и прочистување на отпадни води во Општина Македонски Брод, помеѓу Општина Македонски Брод и Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ од Македонски Брод**

Се објавува Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и одведување и прочистување на отпадни води во Општина Македонски Брод, помеѓу Општина Македонски Брод и Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ од Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2019 година.

**Бр. 08 - 409/11**

**03.05.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 24 и 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ“ бр.6/2012,144/2014,33/2015, 104/2015 и 215/2015) и статутот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на ден 30.04.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа “ЛАТОВО 1 “ на река Треска

***термини и кратенки,***

**МХЕЦ** **Мала хидроелектрична централа**
**ЈПП** **Јавно приватно партнерство**

**Член 1**
**воведен дел,**

На брегот на река Треска во КО ЛАТОВО постои адекватна лојација за изградба на МХЕЦ “ЛАТОВО 1“. Со реализацијата на потфатот не се нарушува нормалниот тек на река Треска. За изградба на МХЕЦ “ЛАТОВО 1“, приватниот партнер ќе треба да изгради канал, мини брана и рибина стаза.

**Член 2**
**предмет на договорот**

Предмет на договорот за ЈПП е реализација на потфат, изградба на МХЕЦ “ЛАТОВО 1“, на река Треска

**Член 3**
**образложение за оправданоста за доделување на договор за ЈПП**

Општина Македонски Брод не е во состојба да го финансира овој проект. Во колку со евентуален понудувач се склучи договор за реализација на проектот по модел на ЈПП, ЈП нема да има никакви инвестициски трошоци ниту трошоци на работење на МХЕЦ по нејзиното пуштање во работа, но ќе добива дел од приходот остварен со реализација на произведената електрична енергија.

**Член 4**

**назначување на целите,**

Целите се следниве:

- да се искористи капацитетот на реката,
- ЈП да остварува одреден приход,
- да се подобри енергетската избалансираниост на електричната мрежа во овој крај,
- да се даде допринос во производството на енергија од обновлив извор,
- да се намали, иако скромно, зависноста на Р.Северна Македонија од увоз на електрична енергија,

**Член 5**

**предмет на постапката,**

Предмет на постапката е и давање на долгогодишно користење на земјиште на приватен партнер од страна на ЈП за да може да изгради МХЕЦ "ЛАТОВО 1 ".

**Член 6**

**видот на постапка,**

Јавниот повик за избор на приватен партнер ќе се спроведе со отворена постапка на која ќе се избере најповолен понудувач согласно критериумите од оваа одлука.

**Член 7**

**начин и рок за спроведување на постапката,**

Општина Македонски Брод согласно Закон ќе донесе заклучок за донесување одлука за спроведување на постапка. По што, комисијата за спроведување на постапка ќе објави јавен повик кој ќе трае најмалку 30 дена од денот на објавување во „Службен весник на Р.С.М." согласно член 30 од Законот за концесии и ЈПП.

**Член 8**

**основни услови**

Условите за реализација на потфатот ќе бидат прецизно наведни во Јавниот повик и договорот за ЈПП, а основни услови се:

- рок за изградба на МХЕЦ "ЛАТОВО 1 ", е 3 години од денот на склучување на договорот за ЈПП,
- Времетраење на договорот е 33 години од денот на склучување на договорот за ЈПП,
- вкупните инвестициски трошоци за реализација на проектот се обврска на приватниот партнер,
- одржувањето, раководењето и управувањето на МХЕЦ "ЛАТОВО 1", се обврска на приватниот партнер,

- новоизградените објекти и опремата на хидроцентралата се во сопственост на приватниот партнер,
- обврска на приватниот партнер е да овозможи нормално функционирање на водотекот ни биолошкиот минимум на река Треска на просторот на и околу МХЕЦ “ЛАТОВО 1“

**Член 9**

**висина на надоместокот за издавање на тендерската документација,**

Јавното претпријатие на заинтересираните кандидати на јавниот повик ќе им издаде тендерската документација заедно со физибилити студија за што кандидатите ќе треба да уплатат на сметката Општина Македонски Брод од 9.000,оо ден.

**Член 10**

**критериум за избор на приватен партнер**

Изборот на приватен партнер ќе се обави преку избор на најповолна понуда од понудувачите кои ќе се класифицираат како успешни понудувачи, односно кои ги исполнуваат критериумите на јавниот повик. Основени критериуми за избор ќе бидат понудениот највисок процент од приходот на приватниот партнер остварен со продажба на електричната енергија произведена во МХЕЦ “ЛАТОВО 1 “, во корист на јавнниот партнер.

**Член 11**

**завршна одредба**

Одлуката стапува во сила со нејзиното објавување во „Службен весник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.18-409/9** — **Совет на Општина Македонски Брод**

**30.04.2019 год.** — **Претседател**

**Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа “ЛАТОВО 1“ на река Треска**

Се објавува Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа “ЛАТОВО 1“ на река Треска, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2019 година.

**Бр. 08 - 409/11**

**03.05.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

Врз основа на член 14, член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр.05/02), член 7 став 1 од Закон за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод пречистен текст („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.4/17), Советот на Општина Македонски Брод, на седница одржана на 30.04.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Долнени**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Македонски Брод го прифаќа предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Долнени утврден од Советот на Општина Долнени со одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр. 08-504/8 од 22.04.2019 година заради заедничко вршење на работи од надлежност на општините кои се однесуваат во одделот на Внатрешна ревизија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Совет на Општина Македонски Брод**

**Бр. 18 – 409/10** **Претседател,**

**30. 04.2019 година** **Бране Јованоски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.2/03,1/06,1/11,11/14,1/15 и 4/17 – пречистен текст ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Долнени**

Се објавува Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Долнени, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.04.2019 година.

**Бр. 08 - 409/11**

**03.05.2019 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник**

**Живко Силјаноски с.р.**

**Службен гласник број 4 од 30.04.2019 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за I квартал за 2019 година ........................................................................ стр. 2

Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за I квартал за 2019 година ......... стр. 3

Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година ................................................................................................................ стр. 4

Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година .......................................................................... стр. 5

Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година ........................................................................................................ стр. 6

Заклучок за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2019 година ................................................... стр. 7

Заклучок за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод од III одделение ............................................................................... стр. 8

Заклучок за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за VI одделение ............................................................................... стр. 9

Заклучок за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод за IX одделение ............................................................................. стр. 10

Заклучок за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод VI и IX одделение ........................................................................ стр. 11

Заклучок за објавување на Заклучоци за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод од III, VI и IX одделение ............... стр. 12

Одлука за пристапување на Општина Македонски Брод како сооснован на Здружение за рурален развој Локална Акциска Група ПОРЕЧЕ ................................ стр. 13

Заклучок за објавување на Одлука за пристапување на Општина Македонски Брод како сооснован на Здружение за рурален развој Локална Акциска Група ПОРЕЧЕ . стр. 15

Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и одведување и прочистување на отпадни води во Општина

Македонски Брод, помеѓу Општина Македонски Брод и Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ од Македонски Брод ........................................................................ стр. 16

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и одведување и прочистување на отпадни води во Општина Македонски Брод, помеѓу Општина Македонски Брод и Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ од Македонски Брод ...................... стр. 17

Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа “ЛАТОВО 1“ на река Треска ............................................................................... стр. 18

Заклучок за објавување на Одлука за започнување постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на мала хидроелектрична централа “ЛАТОВО 1“ на река Треска ............................................ стр. 21

Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Долнени ......................................................................... стр. 22

Заклучок за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Македонски Брод и Општина Долнени ............................................ стр. 23